Врз основа на член 56 став 1 и 2 а во врска со член 16 став 1 алинеа а, г,д, з, л од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, Управниот одбор на ФФМ на состанокот одржан на ден 30.01.2017 година, донесе:

# ОДЛУКА

1. Се утврдува дека седницата на Редовното генерално изборно собрание на Општинскиот фудбалски сојуз Тетово, одржано на 25.01.2017 година во Тетово е организирана спротивно на Статутот на ОФС Тетово и статутот на ФФМ.

2. Одлуките донесени од страна на Редовното генерално изборно собрание на Општинскиот фудбалски сојуз Тетово, одржано на 25.01.2017 година немаат правно дејство и не предизвикуваат правни последици према Фудбалската федерација на Македонија.

3. Одлуката да се достави до Комисијата за избори на ФФМ на понатамошно постапување и на потврдување до Генералното собрание на ФФМ.

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, истата да се објави во макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.01.2017 година постапуваше по известувањето од Генералниот секретар на ФФМ во врска со добиени сознанија и известувања за нерегуларности поврзани со организирање и одржување на Собранието на ОФС Тетово кое се одржало на 25.01.2017 година во Тетово.

Управниот одбор утврди дека во врска со истото прашање, Комисијата за избори доставила заклучок донесен на седница на Комисијата на 27.01.2017 година со дел.број 0207-223/2.

По разгледување на дописот од Генералниот секретар и неговото лично произнесување во врска со горененеденото како и Заклучокот донесен од

Комисијата за избори Управниот одбор утврди дека е потребно итно постапување по погоренаведената работа

Од причина што дел од документацијата која треба да биде предмет на разгледување е документација која се однесува на одржаното изборно редовно собрание на ОФС Тетово на кое меѓудругото била донесена одлука за кандидат за претседател на ФФМ, Претседателот на ФФМ поради актуеланата кандидатура за Претседател на ФФМ, се иззема и не присуствуваше при разгледување и одлучување по оваа точка на дневниот ред. По изземањето, со седницата на Управниот одбор претседаваше потпретседателот Муамед Сејдини согласно член 55 од Статутот на ФФМ.

Потпретседателот на УО на ФФМ му предложи на Управниот одбор формирање на работна група која по разгледување на целокупната документација ќе го извести Управниот одбор за оправданоста односно неоправадноста на наводите за нерегуларности.

Работната група во состав Муамед Сејдини, Добре Иванов, Саљим Абдиљи, Тони Ивановски и Дејан Димовски , по разгледување на документацијата го извести Управниот одбор и ги презентираше сите документи и дописи пристигнати до ФФМ во врска со организацијата и одржување на Собранието на ОФС Тетово и тоа:

- Одлука од Управен одбор на ОФС Тетово од седница одржана на ден 22.12.2016 година, без деловоден број, примена во ФФМ на ден **27.12.2016** година под деловоден број 0302-2065/1, во врска со одредување на датум и место за одржување на собрание на ден 17.02.2017 година во Тетово со почеток во 20.00 часот и Покренување на дисциплинска постапка против Потпретседателот на ОФС Тетово поради смислен обид за создавање на раскол во ОФС Тетово, потпишана од секретар на ОФС Тетово, со потпис без назначено име и презиме. Во прилог Список на присутни на Управниот одбор и тоа: Лирим Сеити, Аднан Идризи, Африм Јонузи, Абдулади Селими, Владимир Билбиловски, Рамадан Рамадани. Не е доставен Записник од седницата на Управниот одбор

- Одлука од Управен одбор на ОФС Тетово од седница одржана на ден 03.01.2017 година со деловеден број 0302-1/17, примена во ФФМ на ден **04.01.2017** година под деловоден број 0302-5/1, која се однесува на утврдување на време и место на одржување во Тетово на 03.02.2017 година со почеток во 20.00 часот, потпишана од Секретар на ОФС Тетово, со потпис без

назначено име и презиме (потпис на одлуката различен од потписот на Одлуката од 22.12.2016 година ). Во прилог список на присутни на седницата на Управниот одбор и тоа: Лирим Сеити, Адндан Идризи, Африм Јонузи, Абдулади Селими, Владимир Билбиловски, Рамадан Рамадани. Не е доставен Записник од седницата на Управниот одбор

- Одлука од Управниот одбор на ОФС Тетово од седница одржана на ден 05.01.2017 година со деловоден број 0302-2/17, примена во ФФМ на ден **11.01.2017** година со деловоден број 0302-25/1, која се однесува на Определување на датум и место на одржување на редовно годишно собрание на 25.01.2017 година со почеток во 20.00 часот во Тетово, потпишана од Секретар на ОФС Тетово, со потпис без назначено име и презиме (потпис на одлуката како во долука од 22.12.2016 година). Во прилог список на присутни и тоа: Борче Мирчевски, Сулејман Ибиши, Лирим Саити, Адндан Идризи, Африм Јонузи, Владимир Билбиловски и Рамадан Рамадани. Записиник од седницата дополнително доставена до ФФМ на 23.01.2017 година со деловоден број 0302-156/4, потпишан од Записничар Влоран Беџети.

- Известување од Јасин Фетиши примено во ФФМ на ден **16.01.2017** година, заведено под деловоден број 0302-85/1, која се однесува на одбивање на прием на поднесена документација до ОФС Тетово, со прилог доказ од препорачана пратка RB020397881MK .

- Известување од судиски актив на ОФС Тетово доставено до ОФС Тетово, УО на ОФС Тетово , УО на ФФМ и Претседател на ФФМ примено во ФФМ на **18.01.2017 година**, заведено под дел бр 0302-128/1, за одржан состанок на кој се утврден 4 претставници од активот на судии на ОФС Тетово за делегати во Собранието на ОФС Тетово и тоа: Фатон Мустафи, Музафер Исмаили, Небојша Ѓорѓевски и Аднан Идризи.

- Електронска комуникација од Генералниот Секретар на ФФМ до ОФС Тетово, направена на ден **18.01.2017** година во 13.05 часот со која се бара произнесување на ОФС Тетово во врска со Известувањето од Јасин Фетиши и Известувањето од судискиот актив на ОФС Тетово, како и барање за достава на Записник од седницата на Управен одбор на кој е донесена одлука за свикување на Собрание на ОФС Тетово и Одлука уредно поптишана од страна на членовите на Управниот одбор на ОФС Тетово.

- Електронска комуникација од ОФС Тетово до Генералниот Секретар на ФФМ, како одговор на барањето на Генералниот секретар без

прилози, пратена на **18.01.2017** година во 17.19 часот, со која известуваат дека кандидатурата на Јасин Фетиши не е пристигната до канцеларијата на ОФС и на неговото препорачано писмо нема адреса на ОФС, поради што сметаат дека не се виновни не ја доставил кандидатурата во ОФС како другите кандидати. Во однос на писмото од активот на судии не го спорат, и наведуваат дека делегатите предложени од судискиот актив треба да ги утврди УО на ОФС Тетово. Со укажување во иднина да не потпаѓа под влијание на разни лица кој личните интереси ги ставаат пред интересите на ОФС и ФФМ, и работа спротивно на Статутите на ОФС и ФФМ .

- Електронска комуникација од ОФС Тетово до Генерален Секретар на ФФМ, од ден **21.01.2017** година со прилози Дневен ред за Собрание заведен под дел бр. 0302-3/17 од 05.01.2017 година потпишан од Борче Мирчевски, Деловник за работа на Собранието и Записник од претходно собрание на ОФС Тетово одржано на ден **02.03.2015 година** во село Џепчиште.

- Одлука од Управниот одбор на ОФС Тетово од седница одржана на ден 05.01.2017 година со деловоден број 0302-2/17, примена во ФФМ на ден **23.01.2017** година со деловоден број 0302-156/3, која се однесува на Определување на датум и место на одржување на редовно годишно собрание на 25.01.2017 година со почеток во 20.00 часот во Тетово, потпишана од Борче Мирчевски. Во прилог список на присутни и тоа: Борче Мирчевски, Сулејман Ибиши, Лирим Саити, Адндан Идризи, Африм Јонузи, Владимир Билбиловски и Рамадан Рамадани.

- Записник од вонредна седница на Управен одбор без деловоден број потпишана од записничар Влоран Беџети, примена во ФФМ на **23.01.2017** година со деловоден број 0302-156/4.

- Одлукасо дел бр. 0306-8/17 од 20.01.2017 година, која е донесена на седницата на УО на ОФС Тетово на ден 20.01.2017 година, на која на местото за потпис стои: Потпретседател Мирчески Борче с.р

- Известување од Јасин Фетиши од Тетово примено во ФФМ на ден **24.01.2017 година** со деловоден број 0302-164/1 со кое го известува УО на ФФМ за сериозни нерегуларности кои ги превзема Мехмет Абдиу, во поглед на организацијата на изборното собрание на ОФС Тетово.

- Известување од дел од членовите на Управен одбор на ОФС Тетово и тоа: Сулејман Ибиши, Аднан Идризи, Борче Мирчевски и Владимир

Билбиловски, примено во ФФМ на 24.01.2017 година, со деловоден број 0302-178/1 со кое го известуваат Претседателот, Потпретседателот и Генералниот Секретар на ФФМ дека како членови на УО на ОФС Тетово не превземаат одговорност за неизвршување на одлуките на ОФС и ФФМ од страна на ОФС Тетово и неговиот секретар. Известуваат дека освен датумот на претстојното изборно собрание кое го закажале за 25.01.2017 година, други одлуки согласно Статутот не донеле и тоа за место на одржување, начин на организирање на избори, информации за кандидати за Претседател на ОФС Тетово, листа на делегати и други одлуки. Известуваат дека не донеле други одлуки по наведеното. Известуваат дека во предвидените рокови материјали за Собрание не се доставени до членките на ОФС и делегатите и со тоа им се зема елементарното право за пристап на избори. Потенцираат дека како членови на Управниот одбор не се произнеле во однос на изборот на делегати од фудбалските судии, тренери и фудбалските работници, ниту дале полномошно за присуство на истите. Известуваат дека немаат листа на делегати ниту на листа на кандидати за Претседател на ОФС, а имаат сознанија дека има три кандидати од кои на двајца им е одземено правото да се кандидираат на изборите. Бараат да се формира ад хок комисија за спроведување на изборно собрание во ОФС Тетово. Напоменуваат дека Претседателот на ОФС е казнет, Секретарот го нема, и не им е јасно кој ги носи одлуките.

-Електронска комуникација помеѓу Генерален Секретар и ОФС Тетово од **ден 24.01.2017 година,** со која на ОФС Тетово им е испратен допис од Генерален Секретар на ФФМ со деловоден број 0302-179/1 од 24.01.2017 година со кој се укажува за пристигнатите дописи, како и за неправилности во документацијата доставена од ОФС Тетово а која се однесува на Собранието на ОФС Тетово. Со дописот се бара ОФС Тетово веднаш да достави уредно потпишан Записник од седница на УО од 05.01.2017 година на која е донесена одлука 0302-2/17 од 05.01.2017 година, Одлука од УО во која се утврдени делегатите на собранието од редот на спортски работници, тренери и судии и доказ за уредно испратен покана со дневен ред и материјали до членките, доказ дека членките се известени за местото на одржување, список на поднесени кандидатури за застапник на ОФС и член на УО на ФФМ. Во прилог на дописот се доставени горецитираните дописи, со барање за образложение.

-Пријава од кандидатот Фисник Хисени од Тетово кандидат за Претседател на ОФС Тетово, со која ја известува ФФМ дека му е оневозможено да се кандидира за Претседател на ОФС Тетово. Наведува и се прашува зошто со ОФС Тетово претседава и управува казнет член од ФФМ, Мемет Абдиу и како

ФФМ не превзема никакви мерки во врска со истото. Предочува дека има сознанија дека седниците на Управниот одбор ги води казнетиот Мехмет Абдиу.

- Известување од Борче Мирчевски потпретседател на ОФС Тетово примено во ФФМ на 24.01.2017 година со деловоден број 0302-181/1 со кое го известува Претседателот, Потпретседателот и Генералниот Секретар во врска со одлуката донесена од Управниот одбор на ОФС Тетово. Бара да се формира ад хок комисија за спроведување на изборите во ОФС Тетово. Известува дека нема да се обратат и да го спроведат изборниот процес од причина што Претседателот на ОФС Тетово кој е казнет, Мехмет Абиду држи се под контрола.

- Електронска комуникација од Генералниот Секретар на ФФМ до ОФС Тетово со која им се доставени двата горенаведени дописи.

- Електронска комуникација од ОФС Тетово до Генерален Секретар примена во 14.50 часот на 25.01.2017 година, со прилог Известување од ОФС Тетово за време и место на одржување на Собранието. За напоменување е известувањето е проследено до МВР Тетово на 23.01.2017 година а ФФМ е известена на денот на одржување во 14,40 часот.

- Електронска комуникација од Генерален Секретар до ОФС Тетово, во која се известува ОФС Тетово дека информацијата е доставена неблаговремено поради што не може да има претставник на ФФМ на Собранието. Притоа им укажува на последиците ненавременот известување и неможноста за присутво на претставник од УО.

- Соопштение од дел од членовите на УО на ОФС Тетово, примено во ФФМ 26.01.2017 година под дел.бр. 0302-198/1 во кое се наведува дека казнетитот претседател Мехмет Абдиу го претворил собранието во приватна забава и на него присуствувале нелегитимно избрани делегати од него.

-Допис и барање од Генерален Секретар до ОФС Тетово за итно постапување број 0302-225/1 од 27.01.2017 година и Заклучок од Изборна Комисија бр. 0207-223/2 од 27.01.2017 година.

- Документација од одржано Собрание на ОФС Тетово примена во ФФМ 27.01.2017 година под дел број 0302-217/1 со прилози

-Документација од одржано Собрание на ОФС Тетово примена во ФФМ на 28.01.2017 година со број 0302-238/1 со прилози.

По разгледување на документацијата, пред Управниот одбор се произнесоа Борче Мирчевски, Сулејман Ибиши членови на Управниот одбор на ОФС Тетово и Жарко Стојановски, делегат од ФК Тетекс. Членовите на УО на ОФС Тетово посведочиа дека Управниот одбор се состанал на 20.01.2017 година. Седницата започнала и не завршила поради вмешување на Мехмет Абдиу на кого му е изречена дисциплинска мерка забрана на вршење на функција ОФС Тетово.

На седницата не биле донесени одлуки, што го потврди сомнежот во вистинитоста на доставените одлуки и тоа на:

-Одлука примена во ФФМ пред одржување на Собранието на ОФС Тетово заведена во ОФС со дел бр. 0306-8/17 од 20.01.2017 година, која се однесува на разрешување и именување на Секретар на ОФС Тетово наводно донесена на седницата на УО на ОФС Тетово на ден 20.01.2017 година, на која на местото за потпис стои: Потпретседател Мирчески Борче с.р

- Одлука примена во ФФМ на ден 28.01.2017 заведена под бр.0302-238/10 година по одржување на Собранието заедно со останата документација од Собранието заведена во ОФС со делумно упишан дел. бр. 0302 од 20.01.2017 година, која се однесува на разрешување и именување на Секретар на ОФС Тетово, наводно донесена на истата седницата на УО на ОФС Тетово на ден 20.01.2017 година,.

Имено во првичната одлука доставена од ФФМ од УО на ОФС Тетово од 20.01.2017 година , која се однесува на разрешување и именување на Секретар на ОФС Тетово, и не е потпишана своерачно туку на местото за потпис стои: Потпретседател Мирчески Борче с.р., диспозитивот гласи

„1. Се прифаќа оставаката на г-дин Куштрим Халили од функцијата Секретар на ОФС Тетово.

2. За привремен секеретар на ОФС Тетово се именува г-дин Дашмир Беар4и.

3. Одлуките стапуваат на сила со денот на нивното доставување.„

Во Одлуката од УО на ОФС Тетово од 20.01.2017 година, која исто се однесува на разрешување и именување на Секретар на ОФС Тетово,доставена дополнително до ФФМ на ден 28.01.2017 година (како прилог на документацијата од Собранието на ОФС Тетово), во која исто како и во

претходната во потпис стои: Потпретседател Мирчески Борче с.р, во диспозитивот е додаден нов став 3, покрај горенаведените , па сега диспозитивот на одлуката наводно донесена на седница на УО на ОФС Тетово на 20.01.2017 година гласи:

„1. Се прифаќа оставаката на г-дин Куштрим Халили од функцијата Секретар на ОФС Тетово.

2. За привремен секеретар на ОФС Тетово се именува г-дин Дашмир Беари.

3. Прифаќање на бројот на делегати (во број 42 кој што наврепемо – според рокот утврден од УО предложени од клубовите, одборот на спортски работници, одборот на фудбалки тренери и одборот на фудбалски судии на ОФС Тетово) на наредното Редовно Годишно (Изборно) Собрание на ОФС Тетово.

3. Одлуките стапуваат на сила со денот на нивното доставување.„

Вака доставените одлуки се однесуваат на иста правна работа - оставка и именување на Секретар во ОФС, евидентно од првите два става на одлуките. Надополнувањето на одлуката доставена по одржаното собрание со трет став како да е донесено на седницата на 20.01.2017 година зборува за интенцијата за создавање лажна документација а не за одлука донесена од Управниот одбор на 20.01.2017 година што се потврди и со погоренаведените искази.

Организаторот на Собранието на ОФС Тетово на овој начин пробал да пополни недостаток во постапката која претходела на одржување на Редовното Годишно Собрание, меѓутоа пропуштил дека одлуката за разрешување, веќе еднаш ја доставил до ФФМ со различен текст од вториот.

Управниот одбор сметаше за потребно да го образложи овој дел од причина што од овие документи, е видна намерата на организаторот на Собранието на ОФС Тетово и од истите се потврдува вистинитоста на изјавите на дел од членовите на УО, но и на кандидатите за Претседател на ОФС Тетово.

Управниот одбор, утврди дека иако од ОФС Тетово била побарана дополнителна документација и тоа Записници од одржаните седници на Управниот одбор на ОФС Тетово, ОФС, од седниците одржани на 03.01.2017 година, 05.01.2017 година и 20.01.2017 година, истата не е доставена, односно

записници од Седниците на 03 и 20 Јануар не се доставени, а Записник потпишан од Записничар Влоран Беќети е доставен до ФФМ за седницата одржана на 05 Јануар 2017 година. Меѓутоа при разгледување на овој документ УО на ФФМ утврди дека истиот не може да го прифати како уреден од причина што не е потпишан од претседавачот на УО кој претседавал со седницата.

ОФС Тетово не достави до ФФМ доказ во насока на оспорувањето на дека писмените изјави на дел од членовите на УО на ОФС Тетово кои истакнаа дека одлуки во врска со собранието не се носени. Имено, ОФС Тетово не доставил до ФФМ Одлуки од УО за делегати на Собранието на ОФС Тетово, од редот на фудбалски тренери, фудбалски судии и фудбалски работници, согласно член 17 став 3,4,5 и 6 од Статуто на ОФС Тетово, што лицата претставници на овие категории наведни во Списокот на присутни на Собранието на ОФС Тетово одржано на 25.01.2017 година, примен во ФФМ на ден 28.01.2017 година под деловоден број 0302-238/8 ги прави нелегитимни, односно за истите не можело да се издаде полномошно.

На крајот согласно изјавите на четири члена на УО на ОФС Тетово, дека тие како членови на УО не учествувале во работата на УО и не носеле одлуки, ниту издавале полномошна во насока на припрема на Редовното генерално Собрание на ОФС Тетово, се доволен доказ дека седници не можеле да се одржат, поради немање на кворум за работа. Ова од причина што видно од Список на членови на УО на ОФС Тетово, кој број вкупно 9 члена од кој поради Дисциплинска одлука Мехмет Абиду не може да учествува во работата на УО, УО има само 8 членови. Во ситуација кога четворица од членовите изјавуваат дека одлуки не се носени, не е јасно како без кворум работел УО и носел одлуки.

При тоа во таа насока ОФС Тетово не достави ниту еден уреден документ од кој може да се утврди дека УО работел и се произнесувал со Одлуки поврзани со организација на Собранието, освен одлуката потпишана од Потпретседателот од УО на ОФС Тетово на седница одржана на 05.01.2017 година со која е закажано Собранието на ОФС Тетово за 25.01.2017 година и Дневен ред за закажаното собрание.

Во однос на материјалите од одржаното Собрание, сите одлуки се потпишани од Секретар на ОФС Тетово, кој согласно Статутот на ОФС Тетово не е овластен истите да ги потпишува.

Управен одбор

Последно, ОФС Тетово ја известува ФФМ за собранието на денот на одржување на собранието во **14.50**, иако од самиот допис може да се види дека го известиле МВР на 23.01.2017 година што значи дека на истите им било познато местото на одржување и евидентна е намерата ФФМ да ја известат неблаговремено.

Независно од бројните утврдени нерегуларности во организирањето и одржувањето на Редовното годишно изборно собрание на ОФС Тетово, одредбата од член 20 од Статутот на ОФС Тетово која уредува дека <u>за ОФС Тетово</u>, секое организирано собрание на кое нема да биде присутен овластен претставник на УО на ФФМ ќе биде нелегитимно (невалидно) дополнително го задолжува Управниот одбор на ФФМ да постапи согласно јасно изразената волја на мнозинството во Собранието на ОФС Тетово како носител на прописот.

По разгледување на целокупната документација од страна на работната група како и од исказите дадени пред членовите на Управниот одбор на ФФМ, Управниот одбор утврди дека Редовното Генерално Изборно собрание на ОФС Тетово одржано на 25.01.2017 година не е организирано во согласност со Статутот на ОФС Тетово и Статутот на ФФМ и донесе одлука како во изреката.

**Подпретседател на УО**
**на ФФМ**
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-253/3

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 18-266/4

Футсал: 2016 - 2017

Скопје: 01.02.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за мал фудбал, Комисијата за мал фудбал на ден 01.02.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. КМФ Астибо се казнува со автоматска парична казна од 25.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Комисијата за мал фудбал врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 11 коло Втора Футсал Лига 16/17 помеѓу, КМФ ЦРНА РЕКА - КМФ АСТИБО, ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот на КМФ Астибо Дарко Алексовски со ИД број 104532 е исклучен од игра во 30 минута поради втор жолт картон на натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КМФ АСТИБО - ШТИП
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисијата за мал фудбал

Претседател

Славе Крстев с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 18-266/5

Футсал: 2016 - 2017

Скопје: 01.02.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за мал фудбал, Комисијата за мал фудбал на ден 01.02.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. КМФ Кратово се казнува со автоматска парична казна од 25.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Комисијата за мал фудбал врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 11 коло Втора Футсал Лига 16/17 помеѓу, КМФ СКОПЈЕ 2011 - КМФ КРАТОВО, ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот на КМФ КРАТОВО Дарко Мирков со ИД број 113751 е исклучен од игра во 39 минута поради втор жолт картон на натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КМФ КРАТОВО - КРАТОВО
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисијата за мал фудбал

Претседател

Славе Крстев с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 2 СКОПЈЕ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секој СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална ба нка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

ТЕЛЕФОН 02/3204-470 ТЕЛЕФАКС 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**